# ЗАВРШИ ПОСЕТАТА НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ИНТЕРНАЦИОНАЛАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА СОНК

## ПОСЕТА ОД ИСКЛУЧИТЕЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СОНК

Генераниот секретар на Интернационалата за образование, Фред Ван Ливен и потпретседателот на Европската Конфедерација на синдикатите за образование (ETUCE) и на холандскиот синдикат за образование (AOB), Волтер Дрешер, како што претходно најавивме беа во работна посета на СОНК на 1-ви и 2-ри овој месец.

По пристигнување во Скопје високите гости го разгледаа центаралното подрачје на главниот град, како и старата скопска чаршија. Искажаа дека Скопје многу бргу се гради и добива нов лик, исто така го искажаа и восхитот од изгледот и зачуваноста и автентичноста на стариот дел – познат како скопска чаршија.

Вечерта беше организирана работна вечера со најтесното раководство на СОНК, на која гостите беа информирани за вкупните активности во СОНК особено последните месеци, а во тој контекст посебно за преговорите со Министерството за образование и наука по склучување на Спогодбата помеѓу СОНК и МОН на 3.02.2015 година и имплементација на договореното од истата. Беше разговарано и за натамошните активности на СОНК и во овој дел посебно околу изборните активности во нашиот Синдикат.

Вториот ден од посетата Фред Ван Ливен и Волтер Дрешер, во придружба на Претседателот Јаким Неделков и Генералниот секретар Весна Неделковска, беа примени и разговараа во МОН

со Министерот за Абдилаќим Адеми и заменик министерот Спиро Ристовски. Во разговорот кој траеше околу  час и половина беа разгледани најактуелните прашања во доменот на образование, ставовите на МОН околу реформските зафати и посебно  прашањето околу екстерното оценување, како и за социјалното партнерство и дијалог помеѓу МОН и СОНК. Генералниот секретар Фред Ван Ливен не го криеше задоволството за посетата на СОНК, со изјава дека СОНК е од исклучително значење за Интернационалата за образование и во последните 15-тина години Интернационата со големо внимание ги следи сите активности на СОНК во делот на образованието и безрезервно ја дава нивната поддршка на СОНК, бидејќи сите досегашни чекори што ги има направено СОНК, од нивна страна се оценети како исклучително значајни, а дел од нив предизвикале значајно внимание и кај другите синдикати за образование. Реформскиот курс на СОНК кој трае повеќе од една деценија има големо влијание и во градењето на Синдикатот во модерна организација, но исто и на вкупното демократизирање на општествениот систем во државата.  Неспорниот мулти етнички карактер на СОНК е една од значајните одлики на оваа членка на Интернационалата за образование            и пример за градење на современ начин на заедничко живеење, без разлика на националната или верската припадност. Тие се причините поради кои велиме  дека СОНК има поголемо значење, а тоа што значи  дека СОНК не е само класична организација на Синдикатот, туку ги надминува тие рамки..



Генералниот секретар, како и потпретседателот Дрешер го искажаа големото задоволство од Спогодбата, како и воспоставениот вистински социјален дијалог и го изразија своето убедување дека образованието во Република Македонија е на вистински пат и дека МОН и СОНК заедно ќе изнајдат заеднички решенија за сите предизвици што стојат во натамошниот развој на образованието. Генералниот секретар го искажа своето убедување дека е убеден во тоа и МОН и СОНК се свесни и искрено се подготвени да продолжат во натамошното модернизирање, вклучувајќи го и во моделот на екстерното оценување.

Слични ставови искажаа и Министерот Абдилаќим Адеми и Заменик министерот Спиро Ристовски, вклучително и задоволството од социјалниот дијалог со СОНК, а истите ставови беа изнесени и на Прес-конференцијата по завршување на разговорите, искажани од страна на Фред Ван Ливен и Министерот Абдилаќим Адеми.

Делегацијата потоа беше примена во Владата на Република Македонија, каде што разговараа со потпретседателот на Владата Владимир Пешевски. Во отворена и пријателска атмосфера потпретседателот Пешевски го истакна посебното значење што

Владата го дава на образованието, задоволството од поддршаката што СОНК ја дава на сите зафати за подобрување на образованието, но исто спомена дека се свесни дека во одредени случаи се направени и погрешни чекори, пред се во брзината на спроведување на одредени реформски чекори. Потпретседателот Пешевски многу јасно го искажа и ставот дека СОНК е од исклучително значење на синдикален план во државата и секогаш ќе ја има поддршката на тој курс, посебно во социјалниот дијалог со Министерството за образование и наука.

Генералниот секретар на ЕИ и потпретседателот на ETUCE ги повторија истите ставови искажани во МОН и го изразија големото задоволство за приемот во Владата на Република Македонија, со желба сите надлежни субјекти да продолжат со градење на современ модел на образование, со стандарди што ќе бидат прифатени од страна на партнерите.

На крајот од посетата Фред Ван Ливен и Волтер Дрешер имаа работна средба и со претседателите на Регионалните одбори на СОНК од скопското подрачје на кој присуствуваше и потпретседателот на Советот на СОНК. На истата беа сумирани вкупните резултати од посетата, кои се оценети како исклучително значајни за натамошните активноисти и функционирањето на СОНК.

---

# ДОНЕСЕНА ЕДНОГЛАСНА ОДЛУКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВЕН МАСОВЕН ПРОТЕСТ

**ОДРЖАНА СЕДУМНАЕСЕТАТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК**

**ДОНЕСЕНА ЕДНОГЛАСНА ОДЛУКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВЕН МАСОВЕН**

**ПРОТЕСТ**

Советот на СОНК, во проширен состав, на 17 и 18 мај оваа година, ја одржа својата седумнаесета редовна седница, на која што беа разгледани повеќе точки во надлежност на нашиот Синдикат.

На една од точките, од дневниот ред на седницата, се изврши анализа на досегашните активности во дејностите што ги обединува СОНК, но и се направија согледувања и сондажа од одржаните состаноци на регионално ниво и мислења од страна на членството за идните чекори што треба да ги направи нашиот синдикат, за остварување на барањата утврдени од минатата година и врз основа на истите се одржаа протести во повеќе градови во нашата држава.

Од дискусиите и анализите по однос на платите, поединечно за секоја дејност, членовите на Советот на СОНК го констатираа следното:

– Во дејноста детска заштита – детските градинки и покрај тоа што на неколку средби и на највисоко ниво и на ниво на претседатели на синдикални организации, на кои што од страна на Министерот за труд и социјална политика, беше ветувано дека со донесувањето на Законот за детска заштита, каде што со бодови се регулирани работните места на носителите на дејноста( не за сите вработени), ќе има зголемување на платите на вработените од оваа дејност, сеуште нема никаков резултат. Ставот на СОНК, по однос на ова прашање е дека треба да се потпишат измени и дополнувања на Колективниот договор за детска заштита, во кој што ќе бидат вградени сите работни места и се направат корекции на коефициентите, согласно постоечките закони.

– Во дејностите основно, средно и високо образование и наука и покрај укажувањата и барањата од страна на раководството на СОНК и доставените заклучоци од страна на Советот на СОНК, за усогласување на платите, согласно процентуалното зголемување

на минималната плата на национално ниво, на средбите со Министерот за образование се добива одговор дека во Буџетот за овие дејности е предвидено зголемување на платите за 5% , што не е доволно за следење на растот на висината на минималната плата во Р.М. Ставот на СОНК е дека процентот на зголемување на минималната плата на национално ниво, треба да биде пропорционален и во делот на зголемување на платите, согласно постоечките колективните договори за основно и средно образование, а во најскоро време да се потпише Колективен договор за високо образование и наука.

– Во дејноста култура и покрај настојувањето на СОНК, долгогодишната неправда кај вработените во оваа дејност,каде што за исто работно место во иста организација или во друга организација во културата, се земаат различни висини на плати, да се регулира со Колективен договор за култура. Наместо на ваков начин да се регулираат платите во оваа дејност, еднострано, без учество на СОНК, Министерството за култура решава да се нивелираат платите во оваа дејност. Ставот на СОНК, по однос на ова прашање е дека треба под итно да се потпише Колективниот договор за култура и платите да се регулираат по истиот.

По извршената опширна анализа, Советот на СОНК, **едногласно** донесе Одлука, во корелација со КСС, **на 8ми јуни** оваа година, да се организира Јавен масовен протест во Скопје, на платото пред Влада на Република Северна Македонија, на кој ќе се побара остварување на барањата на вработените од јавниот сектор, каде што секако припаѓаат дејностите што ги обединува нашиот Синдикат.

# ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ ЗА РЕДОВНИ ИЗБОРИ ВО СОНК

**ОДРЖАНА 26-ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК**

Највисокиот орган на СОНК, Советот на СОНК во проширен состав, на својата редовна 26-та седница, која се одржа на 16.06.2021 година, по извршените детални анализи, донесе Одлуки за распишување на редовни избори во СОНК на сите нивоа.

Имено, водејќи сметка во услови на пандемија, која недозволуваше да се одржат редовните изборни активности во 2021 година, Советот на СОНК имаше донесено Одлука за пролонгирање на изборите во СОНК на сите нивоа, донесена на 23-та редовна седница, која се одржа на 04.09.2020 година. Ценејќи ги сегашните услови кога пандемијата е во опаѓање, Советот на вчерашната седница оцени дека Одлуката за пролонгирање на изборите на сите нивоа, треба да се стави вон сила , со што се создаваат можности за распишување на редовни избори во СОНК.

Согласно Статутот на СОНК, Советот едногласно ги донесе следниве Одлуки:

-Одлука за одржување на VII-от редовен Конгрес на СОНК, кој ќе се одржи во месец октомври 2021 година;

-Одлука за датум и место на одржување на VII-от редовен Конгрес на СОНК, за кој Советот одлучи истиот да се одржи на ден 16.10.2021 во Скопје;

-Одлука за распишување на избори во синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК, кои активности во синдикалните организации треба да започнат на 18.10.2021 година, а да завршат најдоцна до 01.12.2021 година. Активностите во регионалните одбори да започнат на 01.12.2021 година, а да завршат најдоцна до 20.12.2021 година и

-Предлог дневен ред за работата на VII-от редовен Конгрес на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК.

Советот оцени дека за одржување на состаноците во синдикалните организации и регионалните одбори, потребен е краток Извештај за работата на СОНК, за мандатен период од декември 2015 до јуни 2021 година, којшто ќе им биде од помош на претседателите за реализација на состаноците. На овие состаноци, кои треба да се одржат во наредниов период, освен Извештајот, пред членството треба да се презентираат и донесените Одлуки од страна на Советот на СОНК.

---

# ОБЈАВЕН ИНТЕРЕН ОГЛАС за избор и именување на претседатели на Регионални одбори на СОНК

Советот на СОНК, како највисок орган помеѓу два конгреса, на својата 13-та редовна седница, одржана на 11.08.2022 година, а согласно Статутот на СОНК, донесе Одлука за објавување на Интерен оглас за избор и именување на претседатели на Регионални одбори на СОНК.

Интерниот оглас за избор и именување на претседатели на Регионални одбори на СОНК, може да се погледне подолу:

- интерен оглас македонски јазик
- интерен оглас албански јазик
- критериуми за избор и именување на претседатели на РО на СОНК

# СОНК ДОДЕЛИ ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ОД ПОПЛАВАТА

## Вклучувајќи се во акцијата за солидарност со настраданите семејства, СОНК уплати паричен износ…

Вклучувајќи се во акцијата за солидарност со настраданите семејства, кои претрпеа огромна штета од неодамнешната поплава што ја зафати Република Македонија, особено неколку посебни делови во Скопје и околината, како и во тетовскиот регион, на посебната сметка на Црвениот Крст на Република Македонија, СОНК уплати паричен износ од 150 000 денари. Раководството на СОНК смета дека најприкладно беше да се доделат директно финансиски средства, бидејќи во Црвениот Крст на Република Македонија најдобро ги знаат најитните потреби што ги има погоденото население, отколку да доделуваме пакети со продукти со храна или облека, која можеби во овој момент не е толку потребна или веќе ја има во доволни количини.

Придржувајќи се целосно кон воспоставените принципи на нашиот Синдикат, а во тој контекст, имајќи предвид дека се работи за чисто хуманитарна активност, раководството не ни помислува оваа состојба да се користи за правење на било каков маркетинг и затоа не е доставена никаква информација преку средствата за јавно информирање.

Раководството ќе превземе и додатни активности за кои смета дека нашата организација може да ги организира, со цел да им се олесни состојбата на оштетените од оваа природна катастрофа.

# СОНК РЕАГИРА НА СЕЛЕКТИВНИТЕ СУДСКИ ПРЕСУДИ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА РАБОТЕН ОДНОС ОД ОПРЕДЕЛЕНО НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ

**ОДРЖАНА ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОНК**

На 01.06.2018 година е одржана прес-конференција од страна на претседателот на СОНК, Јаким Неделков, на која што беше присутен и правниот застапник на СОНК, Ванчо Шехтански.

Повод за одржување на прес-конференцијата беше проценката на СОНК и правниот застапник на СОНК за селективен пристап на судовите, каде што по основ на тужба на наши членови за неостварени права од работен однос, судовите за исти предмети донесуваат различни пресуди како и неприменување на принцип на судска пракса.

На прес-конференцијата правниот застапник на СОНК даде Извештај за бројот на поведените судски процеси на членовите на СОНК, за трансформација на работниот однос од определено на неопределено работно време, од кои поголемиот број се позитивно решени и во корист на вработените – членови на СОНК, а мал дел од нив, иако се по ист основ, сепак се негативно решени.

СОНК преку својот правен застапник ќе се обрати до Народниот Правобранител и до судскиот Совет, ќе ги информира со целосна документација за селективноста во судењето и ќе побара врз основа на нивните надлежности да превземат мерки за спречување

на ваквите непринципиелни одлуки на судиите.



Исто така, од страна на претседателот на СОНК беше потенцирано дека врз основа на Спогодбата потпишана од страна на СОНК со МОН, МТСП и Министерството за култура, уште од 2008 година, од почетокот на 2009 година до почетокот на 2017 година се извршени околу 8000 трансформации. Овој процес е прекинат од март 2017 година заради законски пречки во период на избори, но за жал овој прекин трае до ден денешен, од за нас, неприфатливи и неоправдани причини. Заради тоа, СОНК бара од МОН веднаш да пристапи кон трансформација на работните договори на работниците кои  ги исполнуваат законските одредби од определено на неопределено работно време, со цел да се  прекине агонијата на голем број наши членови, а воедно и да се избегнат судските постапки кои дополнително го усложнуваат проблемот.

СОНК ги охрабрува сите свои членови кои ги исполнуваат условите за трансформација и се со договор на определено време, веднаш да се обратат до правниот застапник за превземање на понатамошни чекори.

# КСС предлага: Неработни денови за сите во јавниот и приватниот сектор во април, на товар на државата

**Платформа на легитимни синдикати, организации на работодавачи, граѓански организации и асоцијации за борба против Ковид 19**

Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР и Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија – КСС иницираат креирање на една зедничка платформа, во која би се приклучиле сите легитимни и релевантни организации кои во рамките на своето делување ќе придонесат кон заедничко справување со епидемијата, за нејзино поскоро завршување, а потоа и за побрзо заздравување на стопанството во нашата држава.

Платформа на синдикати, организации на работодавачи, граѓански организации и асоцијации

План за заштита на здравствени работници

---

# Работна средба на

# претставници на СОНК со градоначалникот и директорите на основните училишта во општина Чашка

Во духот на коректниот социјален дијалог и партнерство помеѓу СОНК и локалните самоуправи на национално ниво, во општина Чашка остварена е работна средба на која претставниците на СОНК, градоначалникот и директорите на основните училишта во општина Чашка дискутираа за актуелни прашања што се од заеднички интерес.

Отворени се прашањата поврзани со превозот на вработените кои патуваат од градот Велес до населените места во општината каде се основните училишта, статусот на училиштето во село Богомила, работното време на вработените во училиштата, трансформации на работни договори, почитување на Колективниот договор за основно образование во целост итн. Взаемно беше уверувањето дека партнерскиот однос треба да се негува и подобрува, со цел заеднички надминување на сите тековни и идни проблеми.

---

# СИНДИКАЛНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА ТЕТОВО И ГОСТИВАР ПРИСУСТВУВАА НА

# ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

На ден 23.02.2023 година, Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР реализираа уште една работилница во рамките на проектот "Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука", на која присуствуваа синдикални претставници на СОНК од Регионалните одбори на Тетово и Гостивар.

Целта на работилницата беше да се увиди нивото на владеење и да се прошири знаењето од областа на безбедноста и здравјето при работа на синдикалните претставници.

На работилницата беше опфатен теоретски и практичен дел во однос на позиција работодавач – работник, како и во однос на професионални заболувања со кои се соочуваат вработените во сите дејности што ги застапува СОНК.





Во интерактивниот дел, присутните членови на СОНК поставуваа прашања, разменуваа информации за правата на работниците во делот на БЗР и добиваа соодветни одговори од страна на двајца предавачи односно стручно лице за БЗР и доктор по медицина на труд.

# ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС

**ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС**

Почитувани членови на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК), членови на останатите синдикати, работници, македонска јавност…

Преку овој првомајски проглас сакаме да се обратиме до членовите на СОНК и не само до нив, туку и до сите работници во државата, како и до целата јавност со наше видување на состојбите на работниците од аспект на социјално-економската положба, социјалниот дијалог и партнерство, сигурноста на работното место, безбедноста при работа и т.н.

Одбележувањето на Први мај, меѓународниот празник на трудот, датира уште од пред повеќе од 130 години, односно во спомен и чест на штрајкувачите од Чикаго, кои во 1886 година штрајкувале од први до четврти мај со единствено барање, а тоа е осумчасовно работно време. Штрајкот бил крваво задушен, при што полицијата употребила сила и како резултат на тоа имало и неколку жртви. Водачите на штрајкот биле уапсени, осудени и погубени.

На првиот конгрес на Втората интернационала одржан во 1889 година било одлучено:  "Први мај да биде заеднички празник во сите земји, на кој работниците треба да манифестираат единство и солидарност во своите барања за подобрување на својата положба". Оттогаш, празникот е манифестација на класната солидарност на работниците во светот.

Први мај се слави секаде во светот, некаде со масовни протести, а некаде со првомајски викенд на некое излетничко место, со првомајска скара и музика. Во Македонија нема голема традиција за организирање на големи првомајски протести, освен симболични првомајски маршови или прошетки на некои синдикални организации, со што ќе се одбележи овој ден на работниците. Секако, ние како најголем Синдикат во државата имаме свој став околу ова прашање, дали масовно да се излезе на овој ден и да се протестира, во симболичен број да се маршира или ако е празник да се празнува на начин како што налага нашата традиција.

Нашиот став е дека празникот треба да се празнува, а за работа, секоја организација која се занимава со одбрана и зголемување на правата на работниците има на располагање цела година. И овој наш став да не изгледа гола демагогија, ќе го поткрепиме со неколку аргументи. СОНК во изминативе децении и години конкретно докажуваше и докажува со организирање на протести и штрајкови дека е единствениот Синдикат кој е во состојба тоа да го направи, без лажни закани и ветувања, без правење на сопствен маркетинг,  без разлика која политичка опција е на владеење…. Ако постои сомнеж во вистинитоста на овие факти, може многу лесно да се проверат, а и да се присетите која друга работничка организација во последнава деценија – две организирала сериозен протест или штрајк????

Со овој првомајски проглас нашата идеја не беше да се саморекламираме, туку, уште еднаш на ваков начин да го изразиме нашето незадоволство околу положбата на нашите членови во дејностите детска заштита, основно, средно, високо образование, наука и култура. И покрај сите заложби на нашиот Синдикат, во сите споменати дејности заеднички е фактот што тие како едни од најважните дејности во државата, ако не и најважни,  се на дното на скалилото на плати во јавниот сектор во државата, а пак и да не зборуваме за надвор од неа, во соседството и пошироко. Во последниве неколку години државата се обиде да направи обид за подобрување на социјалниот статус

на оваа категорија на работници, но тоа беше сосема симболично и незадоволително од една страна, како и селективно, од друга страна. Зголемувањето на платите од 5% за детските градинки, основното и средно образование ни одблизу не ги задоволуваат основните потреби за егзистенција, наспроти зголемување на минималната плата на национално ниво од 20%. Ситуацијата во установите од културата и високото образование и науката е уште полоша, од позиција на ниски плати, дури ни без тие 5% зголемување во 2018 година. Ветувањата за зголемување на платите и во 2019 година за дополнителни 5% за СОНК се добродојдени, но процентот е апсолутно неприфатлив, односно низок. СОНК во повеќе наврати укажуваше и бараше усогласување на платите со процентот на зголемување на минималната плата на национално ниво.

Што се однесува до социјалниот дијалог и партнерство, наша проценка е дека во последните неколку години е во континуирано опаѓање. СОНК воопшто не е задоволен од односот на некои министерства кои за многу важни измени на законски решенија не го вклучуваат социјалниот партнер во изготвување на заеднички прифатливи решенија што се во интерес и на работниците и на државата, што впрочем е законска обврска. Исто така, цениме и дека селективниот однос кон одредени синдикати е апсолутно неприфатлив и спротивен на Законот.

За СОНК како грански синдикат и како дел од Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС) е исто така неприфатлив игнорантскиот однос на ресорните министерства и на Владата и покрај јавните упатени Барања за остварување на сериозни средби и разговори со што би се затвориле отворените прашања и проблеми. Особено навредува ваквиот однос и покрај низата јавни социјални протести во изминатава година што ги организираше СОНК во рамките на КСС. За ваквиот однос на државата кон релевантни социјални партнери во однос на социјалниот дијалог и партнерство во Македонија даде и Меѓународната Конфедерација на синдикати -ITUC во последниот свој извештај, каде што Македонија е ставена на листата со

држави од Африка, каде што правата на работниците секојдневно се кршат.

Севкупно, состојбите на работниците во Македонија се на многу ниско ниво, од аспект на социјален статус и економска сигурност, во однос на социјалниот дијалог и партнерство, во однос на почитување на законите и други правни акти, во однос на сигурноста на работните места, во однос на безбедноста при работа и т.н.

Доколку многу сериозно и многу брзо не се сфатат нашите укажувања, дотолку повеќе надлежните во државата ќе ја сфатат сериозноста и силата на нашиот Синдикат.

Не ја потценувајте одлучноста, силата и единството на членовите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија.

**Да живее 1-ви мај, меѓународниот ден на работниците, да живее СОНК, да живеат сите прогресивни сили во Македонија !!!**